# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО


| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 5 год.21** |


**Општина Чучер - Сандево, јули 2018 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **Понеделник** | **Бр. 5** |
| **по потреба** | **2 јули 2018 година** | **Год. 21** |


# 31.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК ДОТАЦИИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавуваат **Правилник за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации на одновните училиштан а територија на општина Чучер-Сандево**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **8-та** седница, одржана на **28 јуни 2018** година.

**Бр.09-813/1**
**02.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 162 и член 166 од Законот за основно образование (“Службен весник на РМ” бр. 103/08, 33/10, 116/10,156/10,18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135,14, 10/15, 98/15, 145/15,30/16,127/16 и 67/17), член 12 и член 17 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11и 192/15), а во врска со член 16 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Чучер Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер Сандево” бр. 02/03), Советот на Општина Чучер Сандево на **8-та** седница одржана на **28.06.2018** година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК ДОТАЦИИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува Методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите на основните училишта на територијата на Општина Чучер Сандево.

**Член 2**

Средствата од блок дотации за финансирање на дејноста основно образование се трансферираат од Буџетот на Република Македонија.

Средствата од блок дотации, согласно финансиските планови на основните училишта се распределуваат во Буџетот на Општина Чучер Сандево, Програма Н1 – Основно образование.

**Член 3**

Средствата утврдени во член 2 од овој правилник, се распределуваат на основните училишта согласно Законот за основно образование (“Службен весник на РМ” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135,14, 10/15, 98/15, 145/15,30/16,127/16 и 67/17) и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15).

**Член 4**

Критериуми за распределба на блок дотации по основни училишта се :

- Бруто плати
- Број на ученици во основните училишта
- Квадратура на објекти

**Член 5**

Распределбата на средствата од блок дотацијата по основно училиште се врши на следниот начин :

Бруто платите кои се пресметани и задолжителна обврска по број на вработени се минусираат од вкупната дотација.

Износот кој се добива кога од вкупната блок дотација се намали износот на вкупните бруто плати(ВБП) се распоредува за тековно оперативни трошоци.

Тековно-оперативните трошоци се распоредуваат според два критериуми :

- број на ученици и
- квадратурата на објектите

Вкупните тековно оперативните трошоци (ВТОТ) се распоредува на следниот начин: според критериумот број на ученици 90%(КБУ), според критериумот квадратура на објекти 10% (ККО).

ВТОТ = ВБД – ВБП
ВТОТ – вкупно тековно оперативни трошоци
ВБД – вкупна блок дотација
ВБП – вкупно бруто плати

КБУ = ВТОТ * 90%
КБУ – критериум број на ученици
ККО = ВТОТ * 10%
ККО – критериум квадратура на објект

Висината на блок дотацијата по основно училиште според критериум број на ученици се пресметува на следниот начин:

Вкупниот број на ученици (ВБУ) се пресметува како збир на сите запишани ученици во учебната година во сите основни училишта на територијата на Општина Чучер Сандево. Висината на блок дотацијата по ученик (БДУ) се пресметува кога добиената дотација според критериум број на ученици се подели со вкупниот број на ученици. Дотацијата по критериум број на ученици за секое основно училиште посебно се пресметува кога бројот на учениците во основното училиште се помножи со блок дотацијата по ученик.

БДУ = КБУ/ВБУ
БДУ – блок дотација по ученик
КБУ – дотација по критериум број на ученици
ВБУ – вкупен број на ученици
ДОУ = БДУ * БУОУ
ДОУ – дотација основно училиште по ученик
БДУ – блок дотација по ученик
БУОУ – број на ученици во основно училиште

Вкупната квадратура на објектите (ВКО) се пресметува како збир на квадратурите на сите објекти во сите основни ушилишта на територија на Општина Чучер Сандево. Висината на блок дотација по квадрат (БДК) се пресметува кога добиената донација според критериум квадратура на објект се подели со вкупната квадратура на објект. Дотацијата по критериум квадратура на објект за секое основно училиште посебно се пресметува кога вкупната квадратурата на објектите на основното училиште се помножи со блок дотацијата по квадрат.

БДК = ККО/ВКО
БДК – блок дотација по квадрат
ККО – критериум квадратура на објект
ДОУК = БДК * ВКООУ
ДОУК – дотација основно училиште по квадратура
БДК – блок дотација по квадрат
ВКООУ – вкупна квадратура на објекти на основно училиште

Вкупната блок дотација за тековно оперативни трошоци по основно училиште се добива кога ќе се соберат дотацијата на основното училиште по ученик и дотацијата на основното училиште по квадратура на објекти.

ВБДОУ = ДОУ + ДОУК
ВБДОУ – вкупна блок дотација основно училиште
ДОУ – дотација основно училиште по ученик
ДОУК – дотација основно училиште по квадратура на објект

**Член 6**

Средствата определени како блок дотации се користат за остварување на дејноста на основните училишта во Општина Чучер Сандево и тоа за : плати, наемнини и надоместоци на вработените, стоки и услуги ( комуналии, греење, електрична енергија, комуникации и транспорт, канцелариски материјали, алат и ситен инвентар, средства за одржување хигиена, весници и списанија, тековно одржување, други договорни услуги, други оперативно расходи и превоз на ученици).

**Член 7**

Средствата за блок дотации ќе се насочуваат поединечно по основни училишта од сметката за блок дотации на Општина Чучер Сандево месечно , односно по пристигнат трансфер од Министерството за образование.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Чучер Сандево".

**Бр.08-779/3**
**28.06.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 32.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ 2015-2017**

Се објавува **Одлука усвојување на извештајот на Општина Чучер-Сандево за спроведување на стратешки план за развој 2015-2017 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **8-та** седница, одржана на **28 јуни 2018** година.

**Бр.09-813/2**
**02.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковскис.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02 ), член 23 став 1 точка 44 од Статутот на општината Чучер - Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03), Советот на општината Чучер-Сандево на **8-та** седница одржана на **28.06.2018** година, донесе

**О Д Л У К А**
**УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШ ТАЈОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ 2015-2017**

1.Се усвојува Извештајот на Општина Чучер-Сандево за спроведување на стратешкиот план за развој 2015-2017 година бр.09-778/1 од 21.06.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-779/4**
**28.06.2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ 2015 – 2017 година

ВОВЕД

Една од активностите на Општина Чучер Сандево е и периодично известување за текот на спроведување на стратегиите. Стратешкиот план за развој 2015 – 2017 година е повеќенаменски документ со кој се утврдени целите и задачите на Општината за наведениот период. Во стратешкиот план се содржани и активностите за остварување на утврдените цели и задачи. Стратешкиот план за развој 2015 – 2017 е донесен од страна на Советот на Општина Чучер Сандево на 23[та] седница одржана на 25.03.2015 година.

Целта на извештајот е да даде придонес кон ефикасно и ефективно спроведување на стратегијата, кој треба да го согледа прогресот на стратегијата и да даде препораки до одговорните во Општината за ефикасно и ефективно спроведување на стратегијата.

Извештајот треба да даде оценка за спроведување на стратегијата и да ги покаже позитивните остварувања и слабостите како и да предложи заклучоци и препораки за надминување на слабостите.

АНАЛИЗА

Стратешкиот план за развој на Општина Чучер Сандево 2015 – 2017 е основен документ по кој треба одговорните во општината да се водат при реализирање на приоритетите. Стратешкиот план беше донесен од страна на Советот на Општина Чучер Сандево на 23та седница одржана на 25.03.2015 година. Изработката на стратегијата се одвиваше во две фаза. Во првата фаза беше направена анализа на спроведувањето и остварувањето на стратешкиот план 2009 – 2013 додека во втората фаза беа утврдени новите цели и задачи како и потребните мерки и средства за нивна реализација. При изработката на стратегијата за да се утврдат позитивните и негативните фактори користен е моделот SWOT анализа. Со користењето на оваа анализа се утврдија добрите и лошите страни како и можностите и заканите и се донесоа соодветни заклучоци. По спроведената анализа и согласно донесените заклучоци од SWOT анализата се утврди визијата и целите и задачите на стратегијата. Визијата која беше дефинирана во стратешкиот план гласи :

" Чучер Сандево модерна мултиетничка општина, привлечна локација за инвестирање, чиста и здрава средина со можности за развој на рурален туризам и место отворено за сите кои се стремат кон подобра иднина."

Врз основа на SWOT анализата се утврдија следните 6 стратешки области

1. Единица на локална самоуправа
2. Инфраструктура
3. Локална економија
4. Туризам
5. Животна средина
6. Образование и култура

Со дефинирањето на стратешките области се утврдија и следните стратешки цели:

1. Подобрување на квалитетот на услугите од страна на ЕЛС
2. Подобрување и проширување на основната инфраструктура
3. Создавање на услови за привлекување на инвеститори
4. Создавање на услови за развој на туризам
5. Да се подобри заштитата на животната средина
6. Подобрување на образованието, културата и социјалната заштита и заштита на деца

Секоја од наведените стратешки цели има дефинирано и конкретни цели и проекти.

За првата стратешката цел "Подобрување на квалитеот на услугите од страна на ЕЛС" дефинирани се две конкретни цели и тоа : изградба на општинска зграда и зајкнување на капацитетите на општинската администрација. Конкретна цел изградба на општинска зграда е во тек односно во тек се потребните подготовки за да може да се реализира оваа цел. Втората конкретна цел е спроведена. За остварување на оваа цел предвидени се спроведување на следните проекти : изработка на веб страна, обука на вработени и електронска архива.

Втората стратешка цел "Подобрување и проширување на основната инфраструктура" треба да обезбеди подобри услови за живот на граѓаните и подобри услови за економски развој. За да се спроведе оваа цел дефинирани беа следните проекти :

- Реконструкција на локален пат Чардак – Чешма Горно Мирковци - **завршен**
- Реконструкција на локален пат Сандево – Мирковци - **завршен**
- Реконструкција на локален пат Споменик Сандево – Бањане – **во тек**
- Редовно одржување и реконструкција на локална патна мрежа -**редовно**
- Реконструкција на Коцка – **делумно завршен, изработен проект за реконструкција на коцка**
- Изградба на фекална канализација Чучер Сандево - **завршен**
- Изградба на фекална канализација Бањане – **во тек**
- Изградба на фекална канализација Горњане – **во тек**
- Изработка на проект за фекална канализација Кучевиште и Побожје – **делумно завршен** изработен проект за фекална канализација Кучевиште, изработката на проект за фекална канализација Побожје е **во тек**
- Изградба на фекална канализација во Кучевиште – **завршен**
- Изработка на проект за фекална канализација во Кучевачка бара - **завршен**
- Изградба на водовод Побожје - **завршен**
- Изградба на водовод Блаце – **во тек**

Третата стратешка цел "Создавање на услови за привлекување на нови инвеститори" треба да овозможи создавање на предуслови за привлекување на инвеститори. За оваа цел беа дефинирани два проекти и тоа :

- Изработка на урбанистички планови – **во тек**
- Инфраструктурно уредување на индустриска зона СТЕНКОВЕЦ – **во тек**

Четвртата стратешка цел "Создавање на услови за развој на туризам" , за која беше дефиниран еден проект не е спроведена.

Петата стратешка цел "Да се подобри заштитата на животната средина" треба да овозможи подобра заштита на животната средина. За оваа цел беа дефинирани неколку проекти :

- Набавка на нова механзација за собирање на комунален отпад – **во тек**
- Набавка на садови за отпадоци – **во тек**
- Изградба на улично осветлување – енергетски ефикасно – **во тек**

За шестата цел "Подобрување на образованието, културата и социјалната заштита и заштита на деца" беа дефинирани следните проекти :

- Изградба на градинка – **завршен**
- Изградба на културен дом Сандево – **не спроведен**
- Изградба на училиште во Блаце – **во тек**

ЗАКЛУЧОК

Од вкупно предвидените 23 проекти за спроведување на дефинираните 6 стратешки цели 11 проекти се целосно завршени, 10 проекти се во тек и 2 проекти не се проведени. Од наведеното можеме да заклучиме дека 50 % од активностите за спроведување на стратешкиот план се целосно спроведени, 43 % од активностите се во тек на спроведување и 7 % од активностите не се спроведени во предвидениот рок. Како главна причина за неспроведување на 7% од активностите дефинирани во стратешкиот план е "недоволно финансиски средства".
Им се препорачува на одговорните во општината да ги спроведат активностите кои се во тек и да превземат активности за изработка на стратегиски план за развој за нареден период.

**Бр. 09-778/1**
**од 21.06.2018 гогина**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево распишува

## Ј А В Е Н  П О В И К

### за доставување иницијативи за изработка на урбанистички планови

Јавниот повик се распишува во согласност со член 21 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16).

**Јавниот повик ќе трае од 25.06.2018 година до 25.07.2018 година или 30 дена, сметано од објавувањето во дневните весници „Вечер“ и „Коха“.**

Во текот на јавниот повик, сите заинтересирани физички и правни лица можат да достават иницијативи за изработување и донесување на урбанистички планови од членот 7 став (1), точка 2, алинеја 2 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма преку архивата на општината.

Предмет на иницијатива може да биде донесување нов урбанистички план или изменување и дополнување на важечки урбанистички план, со образложение за бараните изменувања и предлог за планскиот опфат.

Средствата за прифатените иницијативи за изработување и донесување на урбанистичките планови треба да ги обезбедат правните или физичките лица подносители на иницијативите.

Јавниот повик ќе биде објавен на интернет страната на Општина Чучер-Сандево, www.cucersandevo.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево и во дневните весници „Вечер“ и „Коха“

ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

Врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Р.М.„ бр.124/15), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево врши

**ЈАВНА ОБЈАВА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ**

Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево му соопштува на лицето Драган Маринковиќ од с.Волково, Општина Ѓорче Петров, ул.„7„ бр.17, дека од страна на Општина Чучер-Сандево е изготвена опомена за присилна наплата на долг врз основа на Решение за данок на наследство и подарок УП.бр.12-25 од 06.02.2017 година, а опомената и по два последователни обида по препорачана пошта не е доставена.

Се повикува горенаведеното лице да се јави во просториите на Општина Чучер-Сандево во с.Кучевиште, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот, во својство на странка за прием на опомена за неплатен долг по основа на Решение за данок на наследство и подарок УП.бр.12-25 од 06.02.2017 година во рок од 10 дена од денот на објавувањето на ова соопштение.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Доколку горенаведеното лице не се јави во утврдениот рок, ова соопштение со јавна објава ќе се смета за уредна достава, а негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Јован Пејковски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

стр

**31.** **Правилник за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации на одновните училишта на територија на општина Чучер-Сандево.................................1**

**32.** **Одлука усвојување на извештајот на Општина Чучер-Сандево за спроведување на стратешки план за развој 2015-2017 година............................................. 4**